**УСЛОВИ ЗА РАБОТА**

**Експерт за изработка на прирачници за функционирање на Националното собрание на млади и Националното советодавно тело за младински политики** согласно Законот за младинско учество и младински политики **за потребите на проектот „Функционални механизми за активно младинско учество на национално ниво“**

**За проектот**

Проектот „Функционални механизми за активно младинско учество на национално ниво“ е насочен кон директно зголемување на младинското учество во процесите на носење и дефинирање на политики и развој на програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите во Северна Македонија. Иако Законот за младинско учество и младински политики законски предвидува механизми за младинско учество на национално и локално ниво, клучни структури како што се Националното собрание на млади и Националното советодавното тело за младински политики сè уште не се воспоставени. Овој недостаток го отежнува ефикасното претставување на младинските перспективи во процесите на одлучување. За да се надмине ова, проектот е насочен кон воспоставување на овие механизми и обезбедување на нивното ефикасно функционирање преку развој на насоки во согласност со законот. Планираните активности имаат за цел да испорачаат видливи резултати кои директно ќе придонесат за ефикасна, целосна и конзистентна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.

Проектот е поддржан со грант Национална интервенција на регионалниот проект „СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“ имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ) , а финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

**За ангажманот**

Работните задачи на Експертот опфаќаат:

- Деск анализа и истражување на добри практики од регионот за функционирање на механизми за младинско учество на национално ниво;
- Анализа на документи и закони кои го дефинираат функционирањето на механизми за младинско учество на национално ниво;
- Развој на два драфт прирачници од кои еден за функционирање на Националното собрание на млади и еден за функционирање на Националното советодавно тело за младински политики;
- Реализирана консултативна средба со формите на младинско организирање за подготвените прирачници;
- Доставување и изработка на конечни верзии на прирачниците.

Експертот ќе биде ангажиран за 9 работни дена во период од 2 месеци (април 2025 – мај 2025 година).

**Очекувани резултати**

Се очекува експертот да ги исполни следните задачи:

- Да спроведе анализа и истражување на добри практики од регионот за функционирање на механизми за младинско учество на национално ниво и анализа на документи и закони кои го дефинираат функционирањето на механизми за младинско учество на национално ниво;
- Да изработи прирачници за функционирање на Националното собрание на млади и Националното советодавно тело за младински политики;
- Да реализира консултативна средба со формите на младинско организирање за подготвените прирачници;
- Подготовка на извештај за реализацијата на задачите.

**Потребни квалификации**

- Соодветно високо образование во областа на правни науки или други општествени науки;
- Минимум 3 години соодветно работно искуство во активности поврзани со подготовка и развој на прирачници, публикации, стратегии и/или предлог правни документи;
- Пристапен за соработка;
- Искуство во работење со млади луѓе од различно потекло;
- Напредно ниво на пишан и говорен англиски јазик.

**Начин на аплицирање**

Сите заинтересирани правни или физички лица потребно е да доставаат документи до **09.04.2025 година**, на applications@nms.org.mk, со наслов **„Апликација за експер – SB – назив/име и презиме".** Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

- Биографија на апликантот;
- Предлог методологија за реализација ангажманот (Анекс 1);
- Финансиска понуда (Анекс 2);
- Изјава за ексклузивност и достапност (Анекс 3);
- Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот (Анекс 4, доколку аплицира правно лице).